EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

Информатор на ЕЦМП НВО Мрежата # 12, Декември 2002

СОДРЖИНА

-----------------------------------------------------
1.Вести од ЕЦМП НВО Мрежата
2.Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри
3.Вести од членките на Мрежата
4.Линкови
5.Грантови
4.Листа на ЕЦМП НВО Регионални Ресурсни Центри
-----------------------------------------------------

-----------------------------------------------------
1. Вести од ЕЦМП НВО Мрежата
-----------------------------------------------------

**8-9ти Декември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Генерално годишно собрани на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија**
ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија го одржа своето годишно Генерално Собрание на 8ми и 9ти декември 2002 година во хотел Континентал во Скопје. На состанокот шесте Регионални НВО ресурсни центри ги презентираа нивните досегашни проектни активности како и плановите за претстојната година. Исто така на состанокот беше презентирана и надградената веб страна на Мрежата. Беше избрано и ново Координативно тело на Мрежата составено од тринаесет членови. Уште од формирањето на јадрото на Мрежата на „Тркалезната маса на НВО за подобрување на меѓуетничките односи во БЈР Македонија“, членството постојано расте од 25 НВОи во декември 2000 до близу 70 во декември 2002.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk; www.ecmingonet.org.mk

**10ти декември**
**ЕЦМП Регионална канцеларија Скопје**
**„Малцинствата во демократијата“ меѓународна конференција во соработка со Конрад Аденауер Фондацијата и Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**
На 10ти декември 2002 година, Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) и Конрад Аденауер Фондацијата организираа еднодневна конференција на Универзитетот на југоисточна Европа на тема „Малцинставата во демократијата“. Како учесници во конференцијата беа вклучени експерти со меѓународно реноме на полето на малцинставата од различни земји. На конференцијата присуствуваа претставници на меѓународни организации, претставници на амбасадите во Македонија, медиумите, политичките партии, владиниот и невладиниот сектор во македонија, како и студенти на Универзитетот на југоисточна Европа. Покрај македонскиот случај, панелистите дискутираа и за заштитата на малцинствата во Југоисточна Европа и малцинставата во демократиите пошироко.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk; www.ecmingonet.org.mk ; www.ecmi.de; www.kas.org.mk;

**17ти декември**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Почеток на проектот Младински мултикултурни иницијативи финансиран од ЕЦМП НВО Мрежата**

Првата од серијата на работилници која се одржа на 17ти и 18ти декември го одбележа почетокот на проектот Младински мултикултурни иницијативи чија цел е формирање на мрежа на младински невладини организации во рамките на ЕЦМП Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Овој проект е прв национален проект кој се спроведува во рамките на ЕЦМП Мрежата и е поддржан од истата. Носител на проектот е Младински културен центар-Битола во партнерство со НВОи од самата Мрежа и надвор од неа кои делуваат на полето на младите и културата.
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**23ти Декември**
**Прв состанок на Координативното Тело на ЕЦМП НВО Мрежата**

Прviот состанок на Координативното Тело на новозибраното Координативно Тело на ЕЦМП се одржа во Регионалната Канцеларија на ЕЦМП во Скопје. Агендата вклучување подготовка на нацрт-акционен план за работа на Координативното Тело. Претседателот на Координативното Тело г-дин Пајтим Саити претседаваше со овој состанок. Меѓу другото се зборуваше и за избор на комисии во Координативното, разгледување на програмата на Координативното тели и акционите планови на Регионалните Центри за 2003 , позиција на техничките асистенти во Регионалните Центри и проектниот циклус.
ecmimkd@ecmingonet.org.mk.

-----------------------------------------------------------------
2.Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри
-----------------------------------------------------------------

**4ти декември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Тетово**
**Претставници на Британската амбасада во посета на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово**

Членките на ЕЦМП НВО Мрежата од Тетово имаа можност своите активности како и активносатите на центарот да ги презентираат пред претставниците на британската амбасада во скопје. Гостите детално се запознаа со индивидуалните активности на секоја НВО и беа импресионирани од функционирањето на центарот и успешното организирање на трибини кои овој центар подолг период редовно ги имплементира. Показател за нивната успешност е присуството на гости и фасилитатори со различна етничка припадност што секако придонесува во подобрувањето на меѓуетничките односи во овој град.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**12ти декември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Тетово**
**Изложба „Културата – мост на зближување“**

Во просториите на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово беше отворена изложба на уметници од тетовскиот регион, на која истите се претставија со сопствените уметнички дела. Оваа изложба е една од активностите во рамките на проектот „Културата-

мост на зближување" кој го имплементираат НВОи членки на овој Регионален центар, поддржани од Европскиот центар за малцински прашања. Големиот интерес и посетеноста на изложбата ја потврдија потребата на тетовчани за поголем број вакви културни настани на кои ќе можат да се дружат, да научат нешто ново и да се запознаваат едни со други.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**24ти декември**
**ЕЦМП Регионален НВО ресурсен центар Тетово**
**Трибина „Младите и нивните проблеми"**
Во просториите на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово се одржа јавна трибина за проблемите со кои младите од Тетово секојдневно се соочуваат. Фасилитаторот на трибината г-дин Васе Трпевски, социјален работник по професија воспостави интерактивна комуникација со присутните кои претежно беа млади луѓе, во која секој имаше можност да изнесе со какви проблеми се соочува. Во продолжение на трибината се водеше дискусија и полемика меѓу младите и постарата генерација за вредностите кои биле некогаш и за тоа што во моментот е актуелно, како и за промена во размислувањата во однос на тоа дека она што некогаш било недостојно и неморално сега е сосема во ред за младата генерација. Заклучокот кој произлезе од исцрпната дискусија е дека треба активно да се делува на сите полиња и во сите сфери со цел на младите луѓе да им се помогне да ги надминат искушенијата и проблемите со кои се соочуваат секојдневно. Примарна улога секако имаат училиштата како образовни институции и семејството.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

------------------------------------------------------------
3. Вести од членовите на ЕЦМП НВО Мрежата

------------------------------------------------------------

**4ти декември**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање**
**Презентација на кампањата против семејно насилство во емисијата на влашки јазик на Македонската телевизија**
Кампањата против семејното насилство која започна да се имплементира во месец ноември, доби свое продолжение и во месец декември со нејзината презентација на влашки јазик. Презентацијата во траење од 10 минути во емисијата на влашки јазик на третиот канал на македонската телевизија имаше за цел поблиско запознавање на припадниците на влашката националност со овој проблем и на нивниот мајчин јазик.
E-mail: nel@winning.com

**7ми декември**
**МАЈКА/Меѓуетничка мрежа – Куманово**
**Традиционална хуманитарна манифестација „Тортијада"**
По осми пат, традиционално МАЈКА ја организираше хуманитарната манифестација „Тортијада" на која присутните имаа можност да видат 15 прекрасни торти кои на лицитацијата која следуваше во текот на манифестацијата беа продадени. Средствата кои беа притоа собрани се наменети за добротворни цели, од кои дел веќе се наменети за набавка на новогодишни пакетчиња кои ќе им бидат поделени на децата кои имаат статус на внатрешно раселени лица во пресрет на новогодишните и божиќните празници.
E-mail: vavku@freemail.com.mk

**9ти декември**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање**
**Учество на тренинг за Европскиот сервис за волонтери (ЕВС)**

Мрежата на младински НВОи од Југоисточна Европа го спроведе трнингот за Европскиот сервис на волонтери во Црна Гора, во преиодот од 5ти до 9ти декември, на кој учествуваше и претставник на НЕЛ како еден од четирите претставници од Македонија. Тренингот всушност претставуваше разработка на начинот на размена на млади волонтери помеѓу НВОи од Европа. Една од целите беше и подготовка на заеднички проект во кој би се дефинирале прецизно обврските и одговорностите на НВОи вклучени во процесот на размена на волонтери, било како домаќини или како организации кои испраќаат свои членови како волонтери.

E-mail: nel@winning.com

**11ти декември**
**Форум за правата на Ромите „АРКА“ добитник на годишната награда „СОНЦЕ“ на УСАИД**

Успешната имплементација на проектот „Центар за едукација и интернет клуб“, во рамките на програмата Иницијатива за самопомош на заедниците на УСАИД, му ја донесе годишната награда за најуспешно имплементиран проект на Форумот за правата на Ромите „Арка“ од Куманово. Проектот беше поддржан од страна на УСАИД со што се овозможи набавка на опрема и мебел и формирање на центарот за едукација и интернет кафе во Куманово.

E-mail: arka@arka.org.mk

**12ти декември**
**МУЛТИКУЛТУРА - Тетово**
**Отворен изложба во рамките на проектот Културата-мост на зближување**

Имплементацијата на проектот Културата-мост на зближување во кој како учесници покрај Мултикултура се јавуваат и останатите НВОи, членки на ЕЦМП НВО Мрежата започна со изложба во просториите на ЕЦМП Регионалниот НВО ресурсен центар Тетово. На изложбата беа презентирани слики и други уметнички дела од уметници од регионот на Тетово. На свеченоста присуствуваа самите уметници, претставници на НВОи и медиумите како и голем број љубители на уметноста. Изложбата ја отвори координаторот на проектот г-дин Агрон Бафтијари кој воедно го претстави проектот и резултатите кои се очекуваат од неговата имплементација.

Заклучокот на сите присутни беше дека вакви манифестации треба почесто да се организираат со цел не само да се презентираат уметничките дела кои се создаваат во регионот на Тетово туку и да помогнат во дружењето и зближувањето на луѓето кои живеат на овој простор без оглед на етничката припадност.

E-mail: multikultura@mt.net.mk; www.multikultura.org.mk

**13ти декември**
**Младински културен центар-Битола**
**Посета на НВОи во Белград како дел од активностите на проектот „Битола-отворен град“**

Во рамките на проектот „Битола-отворен град“, чија мисија е вмрежување и презентирање на авангардна музичка култура на младите од Македонија и останатите балкански земји, тим од Младински културен центар на 12ти и 13ти декември го посетија Белград. Целта на

оваа посета беше поврзување и вмрежување со културни и невладини организации од тој град кој важи за еден од најавангардните центри во Европа, посебно на полето на музичката култура.
Со идејата за Балкански младински фестивал беа запознати Дом на млади т.е. нивниот музички уредник Владан Церобиќ кој позитивно се изрази за идејата за културно поврзување, како и Културниот центар Рекс при чија посета претставниците на МКЦ од страна на Душица Парезановиќ беа запознати со нивниот начин на работа, посебно начинот на мотивација на членовите и чувството на припадност како основен мотив за пожртвувано ангажирање.
E-mail: mkcbt@mt.net.mk

**16ти декември**
**Организација на потрошувачи на Македонија-огранок Штип**
**Трибина „Остеопороза и шеќерни заболувања“**
Во рамките на своите редовни активности Организацијата на потрошувачи на Македонија-огранок Штип, организираше трибина во просториите на хотел „Оаза“ во Штип за здравствена едукација од областа на остеопорозата и шеќерните заболувања. Предавач на трибината беше Д-р. Снежана Марковиќ Темелкова.
E-mail: opmstip@opm.org.mk

**17ти декември**
**Младински културен центар-Битола**
**Прва работилница на проектот Младински мултикултурни иницијативи**
Хотелот „Молика“ беше домаќин на првата работилница на иницијаторите за формирање на младинска мрежа во рамките на ЕЦМП НВО Мрежата на 16ти и 17ти декември. Покрај претставници на Младински културен центар-Битола, на истата присуствуваа и претставници на Мултикултура-Тетово, Младинскиот актив при ЕЦМП регионалниот НВО ресурсен центар Куманово, Медиа Артес-Охрид, како и Сунур Верма, Регионален претставник на ЕЦМП во Македонија и Даниела Ралис, Програмски менаџер во ЕЦМП регионалната канцеларија во Скопје.
Оваа работилница е прва во низата работилници чија крајна цел е воспоставување на Мрежа со дефинирани визија,мисија, насоки за делување и Меморандум за соработка, како и критериуми за функционирање на самата мрежа. Се очекува следната работилница да се одржи во текот на месец јануари 2003 година.
E-mail: mkcbt@mt.net.mk

**18ти декември**
**Здружение за борба против малигни заболувања на дојката „Нова страна на животот“ – Штип**
**Предавање „Нови ставови и хируршки третмани на карцином на дојка“**
Новите ставови и хируршки третмани на карцином на дојка беше наслов на предавањето кое го одржа прим. Д-р. Митко Ристов, раководител на Регионалниот центар за болести на дојка при Медицинскиот центар Штип. Тој ги изнесе новите ставови на клиничарите во однос на третманот на заболените од карцином на дојка и ги презентираше техниките на хируршки зафати кои се применуваат кај нас и во светот. Предавањето наиде на огромна заинтересираност од страна на присутните што резултираше со голем број прашања и богата дискусија. Притоа беше ставен акцент на важноста од раното откривање на оваа болест со што би се избегнале ригорозните хируршки третмани. Впрочем тоа е една од

основните задачи на здружението кое преку своите активности се стреми да ја поттикна јавната свест за опасноста од карцином на дојката и да ги обедини сите жени без оглед на нивнатаверска и етничка припадност во борбата против болеста.
E-mail: novastr@freemail.com.mk

**18ти декември**
**Културно здружение на Турците „Челебија“ – Битола**
**Монодрама „Битола бабам Битола“**
Во рамките на проектот „Битола бабам Битола“, Челебија ја реализира својата трета активност а тоа е монодрамата со ист наслов во изведба на актерот Селаетин Билал. Монодрамата беше организирана во соработка со домот на културата и на неа присуствуваа 110 посетители, граѓани на Битола. Монодрамата се изведе паралелно на турски и македонски јазик и истата беше презентирана и на локалната телевизија Тера.
E-mail: celebi-bt@mt.net.mk

**20ти декември**
**ОРТ-Здружение за информации, обука и одржлив развој**
**Одржани две трибини во рамките на проектот „Жената Ромка има право на живот без ќотек“**
Во текот на месец декември во Кичево, а во соработка со ОРМ „Бела Кула“ како партнер, а во рамките на проектот „Жената Ромка има право на живот без ќотек“, ОРТ организира две трибини со учество на 50 жени Ромки. Првата трибина беше на тема „Правата на жената и можните начини за решавање на семејното насилство“, на која третираната проблематика се разгледуваше од правен аспект и на присутните им беше поделена брошура за нивните права и обврски како и контакти со центрите кои се занимаваат со семејно насилство. Втората трибина која всушност беше продолжение на претходната беше насловена како „Социолошкиот третман на семејното насилство“ на која истата проблематика од претходната трибина се третираше од социолошки аспект. Интересот кај жените Ромки и за двете трибини беше на многу завидно ниво.
E-mail: ortk@mt.net.mk

**22ри декември**
**Асоцијација за напредок, едукација и лобирање НЕЛ – Штип**
**Семинар за воспоставување на контакти**
Претставник на НЕЛ учествуваше на семинарот за воспоствување на контакти кој се одржа од 16ти до 22ри декември во португалија, на кој зедоа учество уште 19 претставници на НВОи од Европа. На семинарот кој се одржа со поддршка на Европската комисија за млади учесниците се запознаа со нејзината програма, но и работеа на развивање на предлог проекти кои веќе се доставени до истата за финансирање. Целта на развивање на вакви проекти е зајакнување на соработката помеѓу невладините организации во Европа.
E-mail: nel@winning.com

**24ти декември**
**Група „ФЕЛИКС“ – Битола**
**Есма Реџепова Теодосиевска го посети Дневниот центар на групата „Феликс“**
Почесниот претставник на УНХЦР и доајен на ромската музика во Македонија Есма Реџепова Теодосиевска го посети Дневниот центар на групата „Феликс“ кој го посетуваат

околу 40 деца Роми. Нејзината посета беше пријатно искуство за децата од центарот. Г-ѓа Реџепова Теодосиевска се интересираше за активностите кои се одвиваат во овој центар. Децата и презентираа дел од своите активности и одржаа мала приредба во нејзина чест. Во таа пригода г-ѓа Реџепова Теодосиевска им подели на децата скромни подароци, како и по еден примерок од нејзиното најново ЦД издание и ја изрази својата благодарност до членовите на Феликс за активностите кои оваа НВО ги спроведува со ромските деца.
E-mail: didi@sonet.com.mk; www.felixbt.org.mk

**26ти декември**
**МАЈКА/Меѓуетничка мрежа на НВО-Куманово**
**Десетгодишен јубилеј од постоењето на МАЈКА**
Десетгодичното постоење на МАЈКА беше одбележано со свечена академија на која присуствуваа претставници на локалната самоуправа, Градоначалникот на Куманово, претставници на НВОи, донатори и досегашни партнери и соработници на МАЈКА. На свеченоста беше поднесен извештај за десетгодишната работа на организацијата како и презентација на досега имплементираните проекти. Исто така во оваа прилика им беа доделени благодарници на поголем број соработници на МАЈКА во изминатиот период.
E-mail: vavku@freemail.com.mk

**30ти декември**
**МАЈКА/Меѓуетничка мрежа на НВО-Куманово**
**Новогодишни пакетчиња-хуманитарна акција**
Во пресрет на новогодишните и божиќните празници МАЈКА им додели новогодишни пакетчиња на 80 деца кои имаат статус на внатрешно раселени лица на возраст од една до седум години. Половината од пакетчињата МАЈКА ги додели како сопствено учество од средствата прибрани од манифестацијата „Тортијада“, додека останатите се обезбедија од локални спонзорства. Дедо Мраз и овој пат ги израдува дечињата.
E-mail: vavku@freemail.com.mk

-----------------------------------------------------
4. Линкови
-----------------------------------------------------

**<u>Меѓународни и регионални организации</u>**

**Меѓународен центар за граѓанско општество**
Оваа веб страна овозможува поврзување со стотици НВОи низ Евроазија, како и информации за грантови, конференции и други извори за финансирање. Линковите се подредени како по земји (и по градови) така и по област на делување. Исто така оваа страна овозможува информации преку електронска бесплатна брошура „Граѓанско опчтество“. Страната е достапна на англиски и руски јазик.
http://www.civilsoc.org

**Центар за развој на непрофитниот сектор (CPJ)**
Центарот за развој на непрофитниот сектор нуди информации и документи, комуникација, советување и истражувања за НВОи во југославија. На веб страната е вклучена можност за

пребарување на директориум со НВОи и публикации како што е неодамнешната „третиот сектор во Србија-статусот и можностите“.
http://www.crnps.org.yu/index_en.html

**Граѓански иницијативи**
Граѓански иницијативи има за цел да обезбеди информации за НВОи во југославија, да ги поддржи вмрежувачките активности на НВОи и да поттикнува регионална соработка. Страната на српски и англиски вклучува детали за донатори, можни партнери, корисни книги и линкови кон други веб страници.
www.gradjanske.org

**Фондација за развој на граѓанското општество (Романија)**
Фондацијата за развој на граѓанското општество е лоцирана во букурешт, романија и нејзината мисија е да го поддржува развојот на граѓанското општество и НВОи во Романија. Оваа страница вклучува детали за извори на финансирање, тренинзи, настани, како и некои корисни правни документи и публикации како на пример директориум на граѓанското општество и водич за грантови. Оваа фондација исто така издава неделен бесплатен електронски информатор „Волонтер“, кој содржи информации за настани поврзани со НВОи, финансирање, релевантни правни регулативи и слободни работни места.
http://www.fdsc.ro

**Civnet**
Оваа веб страна се концентрира на вестите и организациите поврзани со граѓанското образование и демократскиот развој. Обезбедени се клучни линкови до истакнати меѓународни организации како и географска листа на организации кои делуваат низ целиот свет и корисен директориум за извори за финансирање.
http://civnet.org/

**Креативен центар, Украина**
Овој центар обезбедува различни услуги за НВОи, вклучувајќи библиотека, НВО прирачници, тренинзи и совети од експерти. Оваа веб страна вклучува можност за пребарување на датабазата на НВОи од Украина и линкови за различни програми за грантови. Достапна е на англиски и украински јазик.
http://www.viaduk.net/ccc

**Counterpart International**
Оваа организација има за цел да го гради капацитетот на НВОи за да излезат во пресрет на потребите на заедницата, обезбедува тренинзи, градење на партнерство, програма за мали грантови, работа со медиуми, електронска комуникација и техничка помош. Страната обезбедува детали за нивните меѓународни канцеларии во Централна и источна Европа и Централна Азија и за различните програми кои тие ги водат.
http://www.counterpart.org

**Директориум на развојни организации 2002**
Директориумот содржи листа на 25.000 контакти со различни меѓународни организации, вклучувајќи и нституции од приватниот сектор, развојни агенции, истражувања и институции за тренинзи, НВОи, даватели на грантови, микрофинансиски институции и развојни консултантски компании. Овие организации ги промовираат развојот на приватниот сектор и ублажувањето на сиромаштијата преку: финансискиот сектор на микро финансирање, пазарни и бизнис развојни услуги, рурален развој и соодветна технологија, развој на мали претпријатија и реформи во политиката, развој на заедницата и социјална заштита, полови и нивното учество, околина и здравство, обуки и образование.
www.devdir.org/

**Идеалист (Акција без граници)**
Листа на организации од целиот свет поделени на региони (најрелевантни се податоците за Европа и Азија). По изборот на секоја земја индивидуално, организациите се подредени по области на делување. Најголемиот дел од линковите ви даваат кратка информација за организацијата со детали за контакт и адреса на веб страната. Исто така даваат податоци кога последен пат линкот бил обновен.
http://www.idealist.org/

**НВОнет (Freedom House)**
Оваа веб страна обезбедува информации од, за и околу НВОи, активни во Југоисточна Европа и поранешниот Советски сојуз, како и останати директориуми. Како додаток вклучени се линкови до меѓународни организации кои работат во овие региони, фондации и други организации кои даваат поддршка.
http://www.ngonet.org

**Југоисточна Европа на линија**
Оваа извонредна веб страна располага со бројни извори вклучувајќи детали за проекти за реконструкција и развој, листи на НВОи и донатори кои дејствуваат во овој регион, како и дискусиони форуми, информации за земјите и најнови вести.
www.southeasteurope.org

**Извори на информации за Југоисточна Европа**
Правни, политички, бизнис и економски извори на информации за Југоисточна Европа. Оваа страница се фокусира на линкови за владини, невладини организации како и новински агенции.
http://law.gonzaga.edu/library/ceeurope.htm

**Мапа на Европската унија (EUMAP)**
Претставен е процесот за пристап на земјите кандидати. Информации за пристап кон Европската унија, малцинските права, независноста на судството, корупцијата, еднаквите можности.
http://www.eumap.org

**Централна Европа на линија**
Политички вести од земјите од регионот.
http://www.europeaninternet.com/centraleurope

**Меѓународен центар за непрофитно право**
Меѓународниот центар за непрофитно право е меѓународна организација чија мисија е да го помага и поддржува развојот на граѓанското општество и слободата на здружување врз глобална база. Овој центар во соработка со други меѓународни, национални и локални организации, обезбедува техничка помош за изготвување и подобрување на законите и правната легислатива која го дозволува, поттикнува и регулира непрофитниот, невладин (НВО) сектор во земјите во светот.
http://www.icnl.org

**Newspapers.com**
Оваа веб страна обезбедува директориум на весници организирани во едноставна и лесно разбирлива дата база на весници од целиот свет.
http://www.nespapers.com

**Интернет јавна библиотека: Весници**
Проширена меѓународна листа на весници.
http://www.ipl.org/reading/news

**Линк за весници**
Директориум на весници од голем број на земји во светот.
http://www.newslink.org/nonuse.html

**Извештај: Помеѓу автономија и идентитет: Финансиска дилема на НВОи од Цеан Босут и Патрик Девелтере**
www.euforic.org/courier/152e_bos.htm

**CARE International**
Мисијата на CARE International е да им служи на индивудите и нивните семејства во најсиромашните заедници во светот. Влечејќи сила од нашата глобална различност, ресурси и искуство, Care International промовира иновативни решенија и лобира за голабална одговорност, и исто така олеснува за трајна шанса преку зајакнување на капацитетот на само – помош, овозможувајќи економски можности, обезбедувајќи помош во итни случаи, влијае на политички одлуки на сите ниво – обракајќи се кон дискриминацијата во сите форми.
http://www.care-international.org

## Менаџмент на меѓуетнички конфликти

**Development Gateway**
Development Gateway е нов интернет портал посветен на развојот, преку кој корисниците можат да пристапат кон информации, ресурси и алатки, и во кој можат да придонесат со нивнотот сопствено знаење и искуство. Целта е да се промовира дијалогот и да се обезбедат линкови кои идеите и добрата пракса, информации за развојните активности и трендови, финансирањето и решавањето на проблемите. Порталот има има линкови до Country Gateway во Источна Европа и Централна Азија (меѓу другите) и е достапен на пет јазици.
http://www.developmentgateway.org

**Транснационална Фодација за Мир и Истражување на Иднината**
Страната претставува колекција од меинстрим и алтернативни вести од светот и коментари**.**
http://www.transnational.org

**Access-Association for Contacts and Cooperation - East European Self-Support**
ACCESS Association Information Pages! Ова е Интернет ресурс за оние кои се заинтересирани за дијалог и односи помеѓу Балканските земји, транзиција на медиумите и проблемите на взаемна толеранција. Исто така е дом на Проектот Балкански Соседи, веруваме, најголема база на податоци за претстава на медиумите од Балканските земји и малцинствата на веб.
http://www.access.online.bg

**Црква на Адвентистите на седмиот ден**
Кои се Адвентистите на седмиот ден? Како ние како адвентисти на седмиот ден се гледаме себе си? Исто така можат да се пронајдат различни гледишта по прашањето на религиозните малцинства и религиозната слобода, расизмот, човековите права, толеранцијата и многу друго.
http://www.adventist.org

**Центарот за проучување на насилството и помирувањето - Centre for the Study of Violence and Reconciliation (CSVR)**
Центарот за проучување на насилството и помирувањето е мулти – дисциплинарна Јужно – Африканска невладина организација. Од нејзиното воспоставување во 1989 година,CSVR е посветена на создавање на значаен придонес кон мирна и фундаментална трансформација во Јужна Африка и Јужноафриканскиот регион.
http://www.csvr.org.za

**Cybercast news service – CNCNews**
Конгресот се фокусира на религиозни прогонувања во Франција, 2001
"Ros-Lehtinen и други сведоци наведоа примери на злосторства од омраза против Муслимани во Германија, владино надгледување и малтертирање ма Скиентолози во

Германија и Франција, и широкораспространета класификација на Јужни Баптисти, Квекери и Хасидски Евреи како “секти.”
http://www.cnsnews.com/ViewForeignBureaus.asp?Page=\ForeignBureaus\archive\200107\For20010712a.html

**Association of Aid and Relief – AAR**
AAR е основана во 1979 година како прва Јапонска приватна организација за помош на бегалци. Од тогаш е посветена на итна помош и развојна помош за мегалци и ранлива популација низ целиот свет, обраќајќи се кон прашања од голем интерес. Нејзините активности се базираат врз филозофијата да се сподели добрата волја на јапонскиот народ низ целиот свет без политички, религиозни или идеолошка позадина. Моментално, ААР има локални канцеларии во Камбоџа, Мајнамар, Лаос, Замбија, Мозамбик, Југославија и Македонија посојано испраќајќи персонал и волонтери како работници за итна помош во овие и многу други земји.
http://www.aarjapan.gr.jp/

**AHIMSA – Центар за разрешување на конфликти и мир**
AHIMSA ќе работи кон подигнување на свеста за вредноста на ненасилството и методите во општеството во Шри Ланка, и поддршка и зајакнување на индивидуалците и групи во нивните напори да живеат според овие вредности.
Целни групи – религиозни водачи, наставници, социјални мобилизатори, персонал на теренски невладини организации, теренски работници.
http://www.conflict-prevention.org/search.php?mode=show_detail&oid=19143

**Сеиндиска фондација за мир и менаџмент на катастрофи (All Indian Foundation For Peace And Disaster Management)**
Нивните активности се на полето на: превенција на конфликти, развој, човекови права, истражување и обука и организирање на работилници, семинари конференции на локално, национално и меѓународно нивно за ширење на пораката за мир. Да се создаде свест и образование за менаџмент на катастрофи на национално и меѓународно ниво. Да се испраќаат делегации на луѓе во најразлични земји за да проучуваат менаџмент на катастрофи и мир. http://www.conflict-prevention.org/search.php?mode=show_detail&oid=21888

**Центар за заштита на малцинствата и анти –расизам и дискриминација во Бутан (CEMARD-Bhutan)**
ЦЕЛИ: Да работи на промоција, заштита и одбрана на човековите права, правата на малцинствата, социјална правда и елиминација на сите форми на дискриминација, расизам, расна дискриминација, кеснофобија и релативна нетолеранција во Бутан. Да се промовира добрата волја, соработката, не – дискриминација и поттикнување на толеранција и трпеливост помеѓу заедниците, културните, лингвистичките и религиозните групи за зајакнување на мулти –етничките, мулти – религиозните, мулти – лингвистичките имулти – културното општество во Бутан.
http://www.geocities.com/cemardbhutan

## Генерални извори на човекови права

**Граѓанско здружение  Дадалос, Сараево**
Дадалос го хостира UNESCO Серверот за едукација во Југоисточна европа, кој овозможува бесплатно симнување на наставни материјали за граѓански, човекови права и образование за мир на шест јазици.  Како регионална програма во Југосточна Европа, Даладос воспоставува форум за сите оние кои се инволвирани во образование.
www.dadalos.org/index.htm

**One World Net**
Oneworld.net е интернет заедница на преку 1,250 водечки организации за човекои права и одржлив развој низ целиот свет. Овој сајт има линкови до партнерски организации организирани по земја, тип на организација, поле на интерес и алфабетски.
www.oneworld.net/partners/

**Interights веб страна**
Вклучува база на меѓународни закони за човекови права кои "известуваат за најнови потенцирани одлуки на трибуналите кои се однесуваат на мегународните закони за цовекови права."
http://www.interights.org/icl

**Lexis One**
Наоѓа закони, судски одлуки од вашата земја.
http://www.lexisone.com/legalresearch/legalguide/legal_guide_index.html

**Напис:** Справување со Мултикултурноста: Малцински, етнички и човекови
Од Nicolae Gheorghe и Thomas Acton
http://www.osce.org/inst/odihr/docs/bulle3-2.htm

**Етничките и религиозни малцинства во Бугарскиот печат**
Иако Бугарскиот устав не зборува за малцинства, овој труд дава преглед на само три малцинства: Ромите, Турците и Бугарските муслимани.
http://www.access.online.bg/bn/newsletter/bn-8/bulgaria2.htm

**Diplomacy Training Program – (Програма за обука по дипломатија)**
Програмата за обука за дипломатија (The Diplomacy Training Program- DTP) обезбедува обука и едукација за човекови права и " народна дипломатија" за заштитниците на човекови права од Азиско – Пацифичкиот регион. Преку нашата програма за обука, ДТП ги унапредува човековите права и го зајакнува граѓанското оптштество во Азиско – Пацифичкиот регион преку квалитетно образование и обука, и изградување на вештините и капацитетите на НВОите.
http://www.law.unsw.edu.au/centres/dtp

**Peace Brigades International (Мегународни Мировни Бригади)**
Мегународни Мировни Биргади е НВО која работи на заштита на човековите права и промовира ненасилна трансформација на конфликти. Мегународни Мировни Бригади работи на полето на насилни конфликти каде локалните организсции посветени на социјална промена, човекови права, развој на граѓанското општество се наоѓаат под закана. МБИ обезбедува меѓународни тимови на волонтери поддржани од широка меѓународна мрежа на индивидуи и организации превенција на насилството и за да можат локалните организации да ја извршуваат својата работа. http://www.peacebrigades.org/etp/etp.html

-----------------------------------------------------
5. Грантови
-----------------------------------------------------

**ЕУ кофинансира во 2002 и 2003 година за децентрализација на активностите за соработка во земјите во развој**
Целта на оваа програма е преку кофинансирање да се поттикнат активности за соработка на полето на намалување на сиромаштијата со давање поддршка на лицата со хендикеп во земјите во развој кои се во насока на обезбедување на нивните основни потреби, подобрување на условите за живот и зголемување на нивниот капацитет за генерирање на локален развој.
http://europa.eu.int/comm/europeaid/tender/index_en.htm

**Кофинансирање за НВОи и децентрализација на соработката**
Целта на оваа програма е да се обезбедат подиректна и флексибилна поддршка на различни иницијативи за развој, проекти и програми од страна на невладини тела во земјите во развој: НВОи, локална самоуправа, асоцијации, локлани заедници итн.
http://europe.eu.int/comm/europeaid/projects/index_en.htm
http://europa.eu.int/idea/bin/dispent.pl?lang=en&entity_id=3337europeaid-cdc@cec.eu.int

**Финансирање од страна на Европската комисија – Декември 2002**
Блок грантови
Европската Помош (Europe Aid) издаде два повици за предлог проекти под буџетската линија Б7 6000 кофинансирање на НВОи. Конкурсот е отворен на 10ти декември, краен рок за поднесување 12ти март 2003. Вториот повик се однесува на активности за зголемување на јавната свест во однос на развојни прашања (развој на образованието). Отворен е на 17ти декември, а краен рок за поднесување е 19ти март 2003.
http://europa.eu.int/comm/europeaid/cgi/frame12.pl

**Институт за балтички студии во Тарту, Естонија**
Грантовите примарно се наменети за Источна Европа и Сојузот на независни држави. Листата се состои од објави на програми за грантови за кои можат да аплицираат граѓаните на југоисточна Европа и Сојузот на независни држави.
За да ја добивате листата испратете меил до Марек marek@ibs.ee или до Кристина Kristina@ibs.ee. За да испратите објава за грант или стипендија користете ја следната е-меил адреса grants@ibs.ee

http://www.civilsoc.org//elctrnic/funding/egrants.htm

**Источна шанса**
Веб страна каде можете да најдете голем број интересни работи како: меѓународни настани, слободни работни места, стипендии, грантови, како да пишувате писма, биографии и писма за препорака или пак да додадете настан за кој сметате дека е важен. Овие информации се однесуваат на Југоисточна Европа и Сојузот на независни држави. Посетете ја оваа веб страна... www.eastchance.com

**Грантови за прекугранични проекти**
FREEDOM HOUSE доделува грантови за поддршка на прекугранична соработка кои содржат силна компонента на јавната политика, предвидуваат значајна регионална димензија, вклучуваат НВОи како учесници во проектот од најмалку две земји во Централна и југоисточна Европа и ги задоволуваат приоритетите на програмата.
www.freedomhouse.org

**Алавида (Allavida)**
Алавида е нова меѓународна непрофитна организација која ги поврзува доделувањето на грантови со обуки и градење на капацитетот, како и истражување и издаваштво. Целта е да се обезбедат ресурси – средства, вештини и информации – кои на луѓето и организациите кои работат за развој на нивните заедници им се потребни за да ги постигнат нивните цели.
http://www.allavida.org

**Национална оставина за демократија**
Националната оставина за демократија е приватна, непрогитна организација основана во 1983 година со цел да ги зајакне демократските институции низ светот преку невладини напори. Оваа организација ја води независен и непартиски борд на директори. Со своите годишни конгресни одвојувања доделува стотици грантови во текот на годината за поддршка на про демократските групи во Африка, Азија, Централна и источна Европа, Латинска Америка, Седниот исток и поранешниот Советски Сојуз.
http://www.ned.org

**<u>Тренинзи, стипендии, практики</u>**

**Универзитетски центар за меѓународни студии**
**Рокфелер резидентни стипендии**
Краен рок: 28 февруари 2003
Универзитетскиот центар за меѓународни студии на универзитетот Северна Каролина во Чапел Хил, ги поканува заинтересираните апликанти – студенти, професионалци и уметници да се пријават за програмата „Менување на имиџот на граѓанското општество во ерата на глобализација: американскиот југ во апликативните хуманистички перспективи“.
http://www.ucis.unc.edu/funding/rock_ad.htm

**Институт за хумани студии**

Стипендијата за хумани стипендии е достапна за редовни дипломирани и недипломирани студенти. Неопходно е да го покажете вашиот интерес за класична либерална/слободна традиција во индивидуалните права и пазарната економија и да бидете заинтересирани да ги пренесите овие стекнати искуства во вашата работа. Исто така треба да демонстрирате силна академска изведба, потенцијал за успех и релевантност на вашата работа како и релевантноста на вашата работа за предностите на слободно општество кои треба да бидат соодветни за оваа награда.
http://www.theihs.org/article.php/117.html

-----------------------------------------------------
6. Листа на ЕЦМП Регионални НВО Ресурсни Центри
-----------------------------------------------------

| **Регионален Центар** | **Контакт лице** | **Телефон и факс** | **Адреса** | **Е-маил** |
|---|---|---|---|---|
| ЕЦМП Регионален Центар Битола | Марија Нашоковска | 047 236 874 | Ул. Јосиф Христовски 4/4 Битола | ecmibitola@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Гостивар | Небија Исмаили | 042 216 166 | У. ЈНА 294, Гостивар | ecmigostivar@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Куманово | Елена Стоилковска | 031 425 456 | Локалитет Гарнизон 1/1-2, Куманово | ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Скопје | Гордана Цветкоска | 02 391 451<br>02 391 452 | Ул. Дрезденска 9, Скопје | ecmiskopje@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Тетово | Елвира Муртезани | 044 339 031 | Ул. Илинденска 97, Тетово | ecmitetovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Штип | Бирџан Мемедов | 032 382 510 | Ванчо Прке 62/3-2 Штип | ecmistip@ecmingonet.org.mk |

Се надеваме дека ова дванаесетто издание на Информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ЕЦМП Проектот во Македонија е спонзориран со великодушни донации на Кралското Данско Министерство за Надворешни Работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за Надворешни Работи.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Марија Нашоковска на: nashokovska@ecmingonet.org.mk

*** Крај на информаторот ***